Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на ден од дневни настани 30.04.2020

На 29.04.2020 во 16.00 часот полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Александар Ударевски" ги лишиле од слобода С.Ш.(27), М.Р.(30) и 17-годишник, сите од Скопје, затоа што при извршен преглед кај нив биле пронајдени марихуана. По документирање на случајот, против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 29.04.2020 во 12.45 часот во Полициското одделение Арачиново било пријавено дека во с.Арачиново, во семејниот дом, А.Н.(40) ја усмртил својата сопруга Б.Н.(36), по што го напуштил местото на настанот. По преземени мерки и активности од полициски службеници од СВР Скопје, А.Н. бил пронајден и лишен од слобода во полициска станица, а кај него бил пронајден и пиштол. Се преземаат мерки за целосно расчистување и документирање на случајот, по што ќе следува соодветен поднесок.

На 29.04.2020 во 10.50 часот било пријавено дека во Пехчево, С.В.(65) од Пехчево вработен во фирма, бил повреден при работа во шума, на место викано „Равно борје", по што починал на местото на настанот. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Берово и службени лица од Државниот инспекторат за труд –Берово.

На 29.04.2020 во 07.40 часот било пријавено дека на магистралниот пат Кичево-Гостивар, на влезот во с.Зајас, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фолксваген голф", со кичевски регистарски ознаки, управувано од Б.А.(22) од с.Србица, патничко возило „сеат алхамбра", со кичевски регистарски ознаки, управувано од С.С.(63) од Кичево и патничко возило „форд ескорт", со охридски регистарски ознаки, управувано од А.Ј. (23) од с.Горно Строгомиште. Во незгодата, А.Ј.(54) од с.Г.Строгомиште, сопатник од возилото „форд ескорт", од здобиените повреди починал. Со тешки телесни повреди се здобиле возачите А.Ј. и С.С., по што биле пренесени во Медицинскиот центар Кичево за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Кичево, во присуство на Јавен обвинител.

На 29.04.2020 во 19.00 часот било пријавено дека во Битола на ул. „Довлеџик", патничко возило „мерцедес", со битолски регистарски ознаки, управувано од С.С.(41) од Битола, удрило во пешакот А.Ф.(20) од Битола. Во незгодата А.Ф. се здобила со тешки телесни повреди, по што била пренесена во Клиничката болница Битола за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Битола.

На 29.04.2020 во 18.30 часот било пријавено дека во с.Иниково, скопско, мотоцикл „априлиа", со скопски регистарски ознаки, управуван од Д.Б.(34) од Скопје, удрил во пешакот В.М.(19) од Скопје. Во незгодата се тешки телесни повреди се здобила В.М., а со телесни повреди се здобил мотоциклистот, по што биле пренесени во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 29.04.2020 во 13.00 часот било пријавено дека на регионалниот пат с.Дабила -с.Петралици, беровско, Ј.Р.(52) од Штип, управувајќи патничко возило „диат пунто", со штипски регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од коловозот. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобила сопатничката С.П.(45) од Берово, а со телесни повреди се здобиле возачот и уште две сопатнички Ј.Б.(55) и Н.Б.(51) од Берово, по што биле пренесени во Медицинскиот центар Струмица за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Струмица.

На 29.04.2020 во 15.45 часот било пријавено дека во с.Ракитец, патничко возило „мицубиши пајеро", со штипски регистарски ознаки, управувано од Љ.Н.(54) од с.Ракитец удрило во 11-годишен пешак. Во незгодата, пешакот се здобил со тешки телесни повреди, по што бил пренесен во Јавната здравствена установа Радовиш за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од Полициската станица Радовиш.

На 29.04.2020 во 17,30 часот во Полициската станица Кисела Вода, М.Г.(19) од Скопје пријавила дека ул.„Саса" била касната од куче скитник во пределот на левата потколеница.

На 29.04.2020 година во 18.35 часот на магистрален пат Струмица-Ново Село, на делница од зубовска раскрсница кон Ново Село се случила сообраќајна незгода во која Љ.Б. (47) од Струмица, управувајќи патничко возило „бмв", со струмички регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од коловозот. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобила сопатничката Б.М.(43) од Струмица, која е префрлена во Медицински центар Струмица, а со телесни повреди се здобиле возачот Љ.Б. и сопатникот Р.А. Увид на местото на незгодата извршила екипа на Полициска станица Струмица.

На 29.04.2020 година во 15.00 часот во Полициска станица Струмица е лишен од слобода Т.М. (34) од село Баница, осомничен дека го управувал патничкото возило „форд ескорт", со скопски регистарски ознаки, кое на 28.04.2020 година на ул.„Никола Тесла" во Струмица удрило во четиригодишен пешак, кој се здоби со тешки телесни повреди.

На 29.04.2020 во 10.00 часот во Полициската станица Гази Баба, О.А.(43) од Скопје пријавила дека на ул.„Перо Наков" била касната од куче скитник во пределот на левата нога.

СВР Охрид до надлежното Јавно обвинителство поднесе кривична пријава против А.Н.(40) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста".Тој, на 27.04.2020 во 21.50 часот на бул.„АСНОМ" во Охрид, физички нападнал полициски службеник кој вршел службени дејства.

На 29.04.2020 во 09.45 часот во СВР Тетово било пријавено дека при експлозија на плинска боца, настанал пожар во куќата на 74-годишниот М.Х., на ул.„146" во Тетово. М.Х., обидувајќи се самиот да го изгасне пожарот, се здобил со повреди на лицето и рацете, по што бил префрлен во Клиничка болница Тетово. Со интервенција на тетовската Територијална противпожарна единица пожарот бил целосно изгаснат, а увид извршила екипа од СВР Тетово.

На 29.04.2020 во 15.27 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека околу 14.45 часот, при изведување на градежни работи на куќа во изградба на ул.„Бел Камен" во Кочани, Ј.С.(63) од Кочани паднал и се здобил со тешки телесни повреди. Тој бил пренесен во Општата болница Кочани за укажување на лекарска помош. Увид на местото извршила увидна екипа на Одделението за внатрешни работи Кочани.

На 28.04.2020 во ОВР Кичево е приведен Р.А.(33) од Кичево, кој во 19.10 часот, за време на забраната за движење, е затекнат на улицата „11 Септември" во Кичево и при преглед кај него е пронајдена кафеава прашкаста материја. Истата е одземена и предадена на вештачење по што, против него, ОВР Кичево ќе поднесе соодветни пријави.

Поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на лични податоци, ОВР Струга поднесе кривична пријава против Ѓ.Ж.(49) од Струга. Тој, на 12.04.2020 година, на социјалната мрежа „Инстаграм" објавил и јавно споделил фотографии со лични податоци од членови на едно семејство со содржина дека биле инфицирани со коронавирус.

На 29.04.2020 околу 14.25 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница „Наум Охридски" со телесни повреди била донесена З.А.(83) од Скопје. На местото на настанот излегле полициски службеници кои констатирале дека на ул.„Катлановска" во Скопје настанал пожар во куќа сопственост на З.А., при што бил опожарен дел од инвентарот од кујната и дневната соба. Пожарот е изгаснат од Противпожарната единица од Скопје. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на СВР Скопје.

На 28.04.2020 Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при МВР на РСМ, поради постоење на основано сомневање за сторено кривично дело „Загрозување на сигурноста" по чл.144 ст.4 поднесе кривична пријава против С.М.(45) од Скопје. Пријавениот, на својот профил на социјалната мрежа Facebook на 24.04.2020 во 09:25 часот насочена кон владин функционер.

Поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија", ОВР Дебар поднесе кривична пријава против С.М.(21) од дебарското село Отишани, А.Џ.(20) од селото Џепиште, О.И.(29) и К.Н.(20), двајцата од селото Долгаш. Пријавените постапале спротивно на одлуката за постоење кризна состојба, со која е забрането движење односно влез и излез на подрачјето на Дебар и Центар Жупа, и на 05.04.2020 самоиницијативно го напуштиле подрачјето на Дебар и преку планина се упатиле кон Струга. На 06.04.2020 околу 13 часот, полициски службеници од СВР Охрид ги затекнале во патнички автомобил на регионалниот пат Струга-Охрид, во близина на селото Подмоџ.

На 29.04.2020 во 18.39 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница „Наум Охридски" бил донесен Р.А.(28) од с.Арачиново, скопско, со повреда од остар предмет, при што му била констатирана тешка телесна повреда. На местото на настанот излегле полициски службеници кои констатирале дека во атар на с.Брњарци, Р.А. бил нападнат со нож од Ј.Е. од с.Арачиново. Се преземаат мерки за расчистување на случајот и по целосно документирање ќе следува соодветен поднесок.

На 30.04.2020 околу 05.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на Железничката станица Скопје настанал пожар на електрична локомотива. Пожарот е изгаснат од машиновозачот.

На 29.04.2020 во 17.45 часот во СВР Скопје, С.Т.(58) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечила нејзината ќерка С.Т.(35) од Скопје, која имала здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 29.04.2020 во 13.00 часот во СВР Скопје, Б.А.(25) од Скопје пријавила дека во н.Хиподром била касната од куче скитник во пределот на левата нога.

Одделението за внатрешни работи Прилеп поднесе кривична пријава против Б.С.(40) од с.Сарандиново, Долнени, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 20.12.2019 околу 23.00 часот, во ловиште „Дабница" во атар на с.Дупјачани, ловочувари во Ловечко здружение од Прилеп пронашле фрлена ловна пушка „RIF Favier Armes St. Etienne" калибар 12, која пријавениот нелегално ја поседувал.